Врз основа на член 36 став (1) точка 1 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18) и членот 22став (1) точка 1 од Статутот на Национална установа Музеј на македонската борба - Скопје, бр. 02-305/6 од 08.06.2015 г., бр.01-172/3 од 12.03.2019 година, Управниот одбор на Национална установа Музеј на македонската борба за самостојност - Скопје , на седумдесет и петтата седница одржана на 07.08.2020 година, ја донесе следната:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА ЗА САМОСТОЈНОСТ
MUZEU I LUFTËS MAQEDONASE PËR PAVARËS
Бр.-Nr. 02-382/5
07.08. 20 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Одлука за изменување на Статутот на Национална Установа Музеј на македонската борба за самостојност-Скопје**

Архивски знак 02.01
Рок на чување трајно
07.08.2020 год
Потпис

**Член 1**

Во Статутот на Национална установа Музеј на македонската борба - Скопје, бр. 02-305/6 од 08.06.2015 г., бр.01-172/3 од 12.03.2019 година во членот 15 во ставот (1) точката 3 се менува и гласи:

„(3) да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен високо образование од научно подрачје на хуманистички науки;”.“

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на добивањето на согласност од Министерот за култура, а ќе се објави на огласната табла на Национална установа Музеј на македонската борба за самостојност - Скопје.

**Образложение**

Одлуката за изменувае и дополнување на Статутот на Национална установа Музеј на македонската борба за самостојност - Скопје се врши поради следниве причини:

1.Согласно Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според меѓународната фраскатиева класификација („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10), произлегува потребата од усогласување на одредбите од Статутот со наведената Класификација, односно потреба од промена на општите и посебните услови за избор на директор на Национална установа Музеј на македонската борба за самостојност - Скопје.

Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Национална установа Музеј на македонската борба за самостојност - Скопје ја донесува Управниот одбор на Национална установа Музеј на македонската борба за самостојност - Скопје, согласно член 22 став (1) точка 1 од Статутот на Национална установа Музеј на македонската борба - Скопје, а согласност на примена на истата дава министерот за култура.

**Претседател**
**на Управен одбор,**
**Петар Тодоров**